24.10.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Радио МОФ за текстот насловен „Стапуваат на сила новите правила во сообраќајот, повисоки казни за несовесните возачи“, објавен на интернет порталот „Скопјеинфо“.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 3 и 4.

### *Член 1*

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

### *Член 3*

*„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демантии и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата“.*

### *Член 4*

*„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити“*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 9 октомври 2017 година, Радио МОФ поднесе жалба за текстот со наслов „Стапуваат на сила новите правила во сообраќајот, повисоки казни за несовесните возачи", објавен на 5 октомври 2017, во 9:16 часот, на интернет порталот „Скопјеинфо" (www.skopjeinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека се работи за преработена, временски неточна и тенденциозна информација по однос на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата од октомври 2015 година, кога биле направени споменатите измени во овој Закон.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Скопјеинфо" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од медиумот не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 19.10.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата најде дека интернет порталот „Скопјеинфо" објавил временски неточна и непроверена информација, која се однесува на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, доведувајќи ја јавноста во заблуда. Членовите на Комисијата утврдија дека се работи за Закон донесен во 2015 година и дека авторот информацијата ја ставил во актуелен контекст, сугерирајќи нова казнена политика и сообраќајни правила. Со тоа, медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојува насловот и воведниот дел на текстот:

***„Стапуваат на сила новите правила во сообраќајот, повисоки казни за несовесните возачи".***

***„Во населените места максималната дозволена брзина ќе биде 50 километри на час, а не 60 како досега. Ова е предвидено со најновите измени на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кои стапуваат во сила денеска".***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во продолжение, Комисијата констатираше дека интернет порталот „Скопјеинфо“ требало, но не обезбедил објавување исправка, демант или одговор, што е обврска на медиумите во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Со тоа, медиумот го прекршил I членот 3 од Кодексот на новинарите, дотолку повеќе што го игнорирал и демантот од Министерството за внатрешни работи, кое реагирало дека наведениот Закон датира од пред две години.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и членот 4 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот треба да го назначи изворот на информациите, освен во случаи кога изворот бара да остане анонимен. Изворот на информациите, по правило треба да се идентификува освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* Демантот од Министерството за внатрешни работи во кој се наведува дека се работи за „целосно невистинита и лажна вест“( http://mvr.gov.mk/vest/4957 ).

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

*** Членот 18 од истиот Закон (објава на исправка) во делот во кој се вели:**

Исправка се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Се обврзува интернет порталот „Скопјеинфо“ (www.skopjeinfo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595